КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
јануари 2014 • бр. 36 • година 6



НАЈМАЛИТЕ НАЈБЛАГОДАРНИ

Registered ISO 9001:2008

ISSN 1857-6753

CHOOSE PRIVILEGE

MONEY IMVENTA GUARANTEE

BELVEDERE
RESORT

www.belvedereresort.mk

PERMIT 35170

SMART HOME

+389 2 3081657







RADIOI engineering

IMVENTA DOO - SKOPJE

карпош
Ф-КА „КАРПОШ" А.Д. - СКОПЈЕ

станбен комплекс
ГРАНД ПРЕСТИЖ
локалитет алумина















ВНЕСЕТЕ ПРАЗНИЧНА МАГИЈА ВО ВАШИОТ НОВ ДОМ

www.grandprestige.com.mk

Тел. за продажба: + 389 75 60 55 77
Тел: +389 2 31 19 348

e-mail: info@grandprestige.com.mk
contact@grandprestige.com.mk

www.facebook.com/grandprestigeskopje

ВО ОВОЈ БРОЈ



ВО ФОКУСОТ

БАДНИКОВИОТ ОГАН ГО ОГРЕА КАРПОШ 4



НАША ПРИКАЗНА

ЉУБОВТА Е ФОРМУЛАТА ЗА УСПЕХ 18



ТАЛЕНТИРАНИ И УСПЕШНИ

МУЛТИТАЛЕНТ СО СПОРТСКО СРЦЕ 22



НА КАФЕ КАЈ...

КУКЛИТЕ СЕ МОИ ДЕЦА 24



СПОРТОРАМА

АФИРМАЦИЈА НА ПИНГ-ПОНГОТ 29



Издава Општина Карпош
Ул. Радика бр. 9
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-55-901
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Стевчо Јакимовски
Димче Мешковски
Томе Груевски
Владо Поповски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Редакција
Игор Ѓуровски
Мила Глигорова
Ива Манова
Анета Манчевска
Живко Трајановски
Јоана Станиќ
Лилјана Петрушевска-Кочовска

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Лилјана Петрушевска-Кочовска

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед
Игор Ѓуровски

Маркетинг
Александар Бошковски
Горан Димовски
Ивана Пендовска
Игор Богоевски
marketing@karpos.gov.mk



БАДНИКОВИОТ ОГАН ГО ОГРЕА КАРПОШ

Со голем бадников оган, со пригодни посни јадења и со весела музика, жителите на Влае 1 и Влае 2, како и од цел Карпош, го почнаа чествувањето на двата големи христијански празници, Бадник и раѓањето Христово - Божиќ. На централната манифестација што се одржа на спортските терени во Влае 2, околу илјада жители од околните населби се собраа да ги проследат традиционалните обичаи во пресрет на бадниковата вечер, кршењето погача со париче, светење на вода и предавање на кумството. Нова кума во Влае стана Цветанка Тренчевска, која од трите потенцијални кандидати за кумство имаше среќа да ѝ падне паричката, што, според верувањата, цела 2014 година ќе ѝ носи среќа. Таа кумството го презеде од Весна Ѓуровски, годинашната бадникова кума, која „наследничката“ ја даруваше со златно крстче. Славењето на Бадник на централната манифестација на СРЦ „Влае“ помина со голема народна веселба, со песна, дружба, со посна трпеза во организација на локалната власт, греана ракија и голем бадников оган, а на крајот и со пригоден огномет.



Општина Карпош за оваа вечер, која во Влае се слави на ист начин веќе дваесеттина години, додели 70 кубни метри дрва на организациските одбори од цела нејзина територија кои побараа дрва за традиционалниот начин на одбележување на празникот - палење огнови околу кои се собираат и се дружат сите верници и почитувачи на традицијата.

В.Ц.



Почитувани сограѓани,

Зачекоривме во Новата 2014 година и, како по правило, во неа влегуваме со еден куп желби, очекувања, планови.

Така и Вие, верувам, очекувате од нас, како локална власт, и од мене, како градоначалник, повторно да ви испорачаме успешни проекти за подобрувања на инфраструктурата, на амбиентот за работа и за живеење, на хигиената. Ние тоа и ќе го сториме. Тоа, нам ни е обврска, но и задоволство.

Во изминатиот период направивме навистина многу за Карпош. Изградивме повеќе од 15 километри канализација, ги реконструиравме сите десет основни училишта и сега нашите деца, децата од Карпош, учат во најубавите училишта во Република Македонија. Две градинки направивме целосно енергетски ефикасни и продолжуваме натаму. Во план ни е, во текот на оваа година, да изградиме две нови градинки и тоа таму каде што ни е најпотребно и каде што населените места не се „покриени“ со вакви установи или имаат поголема потреба од постојните ресурси. Така, се планира да се изгради градинка во Злокуќани и во Влае. Таму веќе работиме на засилена подготовка на децата за училиште. Имено, бидејќи нема градинка, веќе го реализираме проектот за предучилишна подготовка на триесеттина ученици од Бардовци и од Злокуќани.

За оваа година планираме да продолжиме со проектот „Да го вратиме сјајот на старите згради“, кој, всушност, се однесува на реконструкцијата на старите и оштетени фасади. Во овој момент се реконструираат две фасади - на кулата на Никола Русински број 12 и на зградата на булеварот Партизански одреди 56, а планираме да почнеме уште четири реконструкции на фасади - на кулите наспроти „Веро“ во Тафталице и на две згради на булеварот Адолф Циборовски. Така, годинава ќе се направат шест фасади на згради во Карпош.

Ние, како раководство на локалната самоуправа, не се откажуваме од ниту едно ветување, од ниту еден најавен проект. Тука мислам на бесплатните ужинки за учениците, при што, прво ќе почнеме со децата од прво одделение, а потоа и за другите.

Факт е дека овој период, поради економската криза и сплет на други околности, се соочувале со помал финансиски прилив на средства, како од средствата од легализација, надоместокот за градежно земјиште, даноците и тоа го отежнува финансирањето на предвидените проекти, но се надеваме дека тоа е од привремен карактер.

Ќе се согласите дека Карпош никогаш не бил почист и на тој план ќе продолжиме и натаму да работиме.

Сепак, годинава, во фокусот ќе ни биде грижата за карпошани, односно хуманата димензија, грижата за постарите, болните, осамените и за лицата со посебни потреби. За таа цел, почнавме со еден извонредно важен проект, „Хумани патроли“, во рамки на кој наши екипи од општината ќе одат во постојани патроли, односно посети на лицата и на семејства на кои им е потребна помош од кој било вид: купување лекови, вршење административни работи, па сè до психосоцијална поддршка и малку пријателски разговор.

Вашиот градоначалник, Стевчо Јакимовски

МЛАДИТЕ УЧАТ ОД УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ

Општина Карпош, во соработка со Младинскиот образовен форум, „Капитал медиа груп“ и Општина Центар, организира обуки за јакнење на капацитетите на младите и зголемување на нивното активно учество во општествените процеси и процеси на носење одлука, преку примерот на локалната власт. Учесниците на обуките ќе добијат можност за волонтерство во организациите, институциите и во компаниите кои го спроведуваат проектот. Учесниците беа млади до 25 години, апсолвенти, дипломирани или магистрирани во својата струка, кои сакаат да стекнат нови информации, нови искуства и познавања од областа на локалната самоуправа.



Тројца наши вработени, Виолета Цветковска и Ива Манова од Одделението за односи со јавноста и Димитар Бадев од Одделението за спорт, говореа за организациската поставеност на локалната самоуправа, за внатрешната комуникација меѓу секторите, комуникација со јавноста преку социјалните медиуми, како и за спортските училишни лиги (кошарка, фудбал, шах и одбојка за девојчиња), кои само Општина Карпош ги спроведува во Скопје. Паралелно, говореа претставниците од Општина Центар на истите теми и како сето тоа кај нив е организирано и што ќе спроведат тие во иднина. На тој начин посетителите на обуката имаа шанси да направат споредба меѓу двете различни искуства, но и да ги извлечат заедничките позитивни примери, како начин на комуницирање и работа на локално ниво. Предавачите од Карпош, ги претставија своите најголеми достигнувања, за кои Општината е наградувана, како: најтранспарентна општина, најдобра општинска веб-страница, најфилантропска, најспортска и општина со најголема социјална инклузија, изградба на брендот најградоначалник на Југоистиочна Европа, лидери во енергетска ефикасност и во имплементација на стандардите за безбедност на храна во предучилишните и училишните установи, во имплементација на ИТ-технологијата во административното работење и сл. Преку примерите на дузина успешни приказни, меѓу кои и проектот „Да го вратиме сјајот на старите згради“, учесниците на обуките имаа можност да видат на кои сè начини може да се унапредува и да се актуализира работата на една локална власт,како и тоа на кој начин сето тоа да се искомуницира со медиумите и со поширокатa јавност. Освен тоа, тие имаа шанса да видат како Карпош креира настани, ги следи настаните и информира за истите преку сите традиционални и нови медиуми и социјални мрежи. Во интерактивната дебата посетителите на обуката даваа идеи за тоа како може да се подобри работата на локалните власти и како младите да се вклучат во донесувањето одлуки на локално ниво.

Во организацијата на овој циклус на шест обуки за работни вештини на млади, учествуваа и Агенција за млади и спорт и програмата за развој на Обединетите нации во рамките -УНДП на проектот „Гласот на младите, граѓански ангажман и учество на локално ниво“.

И.М.



ВЕСЕЛИ ПРАЗНИЧНИ ДЕНОВИ И ЗА СОЦИЈАЛНО-ЗАГРОЗЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Новогодишните и божиќните празници донесоа радост во 50 социјално-загрозени семејства во Карпош. Административците, вработени во Одделението за социјална, детска и здравствена заштита при Општина Карпош, им врачија празнични пакети во нивните домови и им го разубавија денот на членовите на овие семејства, со надеж дека новогодишните и божиќните празници ќе ги пречекаат можеби на скромна но, сепак, празнична трпеза.

Оваа акција, која се спроведува трипати во годината (за велигденските празници, за новогодишните и божиќните празници и за Денот на општината, 3 ноември) е од големо значење за семејствата на кои најмногу им е потребна поддршка од заедницата. Хуманитарните пакети полни со прехранбени производи, како и со производи за лична хигиена, беа собрани од солидарните карпошани кои еден викенд претходно донираа на штандовите пред поголемите супермаркети на територија на општината. Оваа празнична помош, која се одржа по 11. пат, е дел од хуманитарната акција „Да бидеме хумани за нашите соседи“. **М. Г.**



НАУКАТА ВО СПРЕГА СО ПРАКТИКАТА

Општина Карпош ја продолжува соработката со високошколските и научни институции, во реализација на новите научни достигнувања од областа на енергетската ефикасност и нивната практична реализација во проектите и програмите на Општината. Од таквата соработка со Универзитетот „Американ колеџ“ – Скопје, произлезе изработката на



магистерскиот труд на кандидатката Снежана Јовановска, на тема „Енергетска ефикасност во доменот на индивидуалното домување – проект на енергетска ефикасна двокуќа во новопланираната населба во село Бардовци – Скопје“. Овој научен труд ја проширува границата на реалната примена на мерките и проектите за енергетска ефикасност од фазата на урбаното планирање, укажувајќи дека новите урбанистички планови треба да ги почитуваат принципите на оптимална ориентација на објектите за максимално искористување на пасивните соларни придобивки. Овој елемент на урбаното планирање овозможува, како што е прикажано со примерот на енергетски ефикасната типска двокуќа, да може да се проектира и зависно од изборот на материјалите, да се реализира еден објект со минимални потреби за греење.

Ваквите научни сознанија се од особена важност за Општина Карпош, од аспект на нов пристап кон изработка на урбанистичките планови, пред нивото усвојување од Советот. За инвеститорите на новите објекти, пак, овозможуваат проектирање и реализација на високоенергетски ефикасни објекти.

Локалната самоуправа е коментор на уште два научни труда од областа на енергетската ефикасност, кои се во изработка. Со овој акт на соработка, Општина Карпош ја докажува својата определба во однос на спрегата меѓу науката и нејзината имплементација во сопствената практика.

И.Ѓ.

ВО НЕРЕЗИ ЗА ВОДИЦИ

На железниот мост кај Нерези, како и секоја година, жителите на општина Карпош и општина Ѓорче Петров заедно го чествуваа големиот христијански празник Водици или Богојавление. Мартин Алексовски од населбата Хром беше најхрабриот и најсреќниот православен христијанин годинава кој го фати ритуалниот крст. Според верувањето, оваа година Мартин и неговото семејство ги очекува берикет и многу здравје.

Во верскиот ритуал по повод Водици учествуваа околу 50 верници кои се обидоа да го фатат светиот крст. Со фрлањето на крстот од свештените лица, симболично се крштеваат водите и се најавува крајот на некрстените денови и почетокот на живеењето на христијаните со верата во Исус Христос. Манифестацијата, во согласност со верските правила и обичаи, има свој кум, а годинава тоа беше кума, карпошанката Анета Марковска-Илиевска. Таа, среќниот и храбар капач го даруваше со телевизор, а по големото одбележување на христијанскиот



празник заедно се упатија во црковната кујна во „Свети Пантелејмон“ во Нерези, каде се почестија со ручек. Општината Карпош е традиционален помагач на одбележувањето на Водици и докажан почитувач на традицијата. Годинава, Општината обезбеди маици за учесниците во манифестацијата „Водици 2014“, на располагање го стави и чамецот за спасување, а во организација на локалната самоуправа беше и озвучувањето при обраќањето на свештените лица кон присутните граѓани и верници.

М. Г.



НАЈМАЛИТЕ, НАЈБЛАГОДАРНИ

Дечињата од ЈОУДГ „Пролет“, во придружба на своите учителки, изминатиот месец беа во Општина Карпош, на посета кај градоначалникот Стевчо Јакимовски. Дечињата беа примени од општинскиот татко, кому му посакаа нови успеси во Новата 2014 година, но и му се заблагодарија за напорите да се реновираат објектите од градинката во која тие престојуваат.

- Децата беа навистина восхитени од вниманието што градоначалникот Јакимоски им го посвети. Тие му се заблагодарија за реконструкцијата на објектот „Сончогледи“, клон на градинката „Пролет“ кој се наоѓа во Влае, во чија реконструкција Општина Карпош вложи навистина многу. Оваа средба со градоначалникот, по желба на децата, ја побаравме за тие самите да му ја честитаат Новата 2014 година, а тие му посакаа многу здравје и уште многу години да биде градоначалник на Карпош – изјави по средбата директорката на градинката „Пролет“, Вита Јаковлевска.

Градинката во Влае е втора по ред што во текот на минатата година беше реконструирана од Општина Карпош. Зафатот опфати замена на покривната конструкција, изолација од 10 сантиметри, замена на олуците, а на одредени делови од градинката - и плафоните. Покрај тоа, целосно се сменети и обновени санитарните јазли, а се работи и на замена на прозорците и наместо старите и дотраени, се стават енергетско-ефикасни, со трислојно стакло. Целата инвестиција во градинката „Пролет“ чини повеќе од девет милиони денари, со тоа што 2.400.000 денари се донација од Амбасадата на Швајцарија, а останатите средства, односно околу седум милион денари, ги обезбеди Општина Карпош.

Л.П.К.



ЗИМА ПО МЕРАК НА ГРАДЕЖНИЦИТЕ

Благата зима овозможи и во периодот по празниците интензивно да се работи. Јануари, вообичаено, не е месец во кој се преземаат крупни зафати и проекти, но и малите нешта ја прават Општина Карпош најпосакувана општина за живеење



Изведбата на пешачката патека во Куршумлица ја реализира „Пелагонија“ АД Гостивар.



„Мастеф“ го реконструираше објектот на Месна заедница - Злокуќани.



Столпчињата за заштита на паркинг-просторот и на зеленилото кај пазарчето „Тафталице“ ги постави „БИС Инженеринг“.



Атмосферската канализација и тротоарот на улица Бриселска се реализација на „Аквамонт инг“.



Атмосферската канализација на улица Дамаска ја изведе „ Аквамонт инг“.



Месецов беше поставена урбана опрема, односно клупи и корпи за отпадоци, на крак од улицата Никола Тесла.



Во Карпош 2 ја почнавме реконструкцијата на детското игралиште.
Покрај обновата на реквизитите, ќе се постават и неколку нови, како и песочна подлога.



Поставена е нова урбана опрема и панорамско одморалиште кај муслиманските гробишта во Горно Нерези.



Giovani
LOUNGE RESTAURANT

Контакт телефон 02/ 30 63 228
Моб: 070 383 203; 072 224 668

LAPLAST-M

Момин Поток бб
1000 Скопје, Македонија
Телефон: +389 (02) 3097 007
Факс: +389 (02) 3095 800
www.laplast-m.com.mk

На гости кај Ванчо Салџиевски, визионер и на 90 години

ВО БУЧНОТО СКОПЈЕ, ПРОНАЈДОВ МИР ВО КАРПОШ



● **Оваа година навршувате 90 години од животот. Како се чувствувате? Како Ви изгледа Македонија денес? Како Ви изгледаат Скопје, Карпош и Козле каде што живеете?**

- Не е лесно да се носат 90 години на грбот. Да не се тахикардијата, реумата и ослабениот вид ќе речев дека сум одлично, вака ќе кажам - добро е. Македонија денес? Различна од 1941, кога по бомбардирањето на Велес, на 6 април, со арабаџиска кола стигнавме во Скопје. А Скопје пред земјотресот и Скопје сега? Голема разлика. Градот е во постојан метеж и сè потешко се стигнува каде што треба. Затоа и се определивме да живееме во Карпош, кој се разви по земјотресот. Сега живееме во населбата Козле и горд сум што градоначалникот Стевчо Јакимовски, кого многу го ценам поради енергичноста и исполнителноста, ми беше на гости додека беше министер за економија. Тогаш дојде за да добие повеќе информации за проектот „Крушевска Република".

● **Покрај успешноста во бизнисот, Ве паметиме и како автор на проектот „Крушевска Република". Може ли да ги запознаете читетелите на „Урбан Карпош" со идеите од овој проект?**

- На почетокот сакам да кажам дека полното име на проектот е „Повторно воспоставување на Крушевската Република само како туристичко економска и финансиско-девизна творба, безцаринска и шопинг-зона, Крушево – град-република". По војната, ми беше понудено во рамки на проектот „Макро и микротуризам", финансиран од Обединетите нации, да го посетам регионот на Сент Мориц со неколку интерсни места Челерина, Потресина и Малоја. Некако сето тоа ми заличи на Крушево, на 1.350 метри надморска висина со неколку индустриски објекти, репрезентативни хотели и ресторани, чаршии со разна стока, јувелири, часовничари, модна конфекција, спортска опрема и илјадници туристи лете-зиме. Кога се вратив полн со импресии, од белешките, за помалку од два часа, го напишав проектот. Веднаш добив „наредба" од тогашниот претседател на Уставниот суд на СФРЈ, д-р Васил Гривчев, да го авторизирам проектот преку авторска агенција. Во 1989 година зад проектот застана тогашната Младинска организација на Македонија која го промовираше преку медиумите. Почнаа прилози и интервјуа на МТВ, а во весниците написи со различни наслови: „Странци нуде капитал", „Референдум за Крушевска Република", „Нов шопинг-центар Крушево", „Цел град под стечај" итн. Проектот беше општоприфатен во јавноста. Дури и тогашниот југословенски премиер Анте Марковиќ го оцени како проект кој треба веднаш да се реализира. Во исто време, проектот полуиле-

гално се делеше во Крушево за конечно да го усвои и Собранието на Општина Крушево. Но, тука сè застана. При донесувањето на првиот Устав на независна Македонија, не беше усвоен амандманот за посебен статус на Крушево, што беше причина за стопирање на проектот. Тогаш, заради проекти поврзани со Крушевската Република, ја основав и фирмата „Крушево експорт“ која постои и ден-денес.

● **До каде е целата оваа работа? Има ли надеж да се реализира и од каде да се почне?**

- Проектот веќе 25 години не е реализиран поради промени на владите и дисконтинуитет во водењето на државата. Надеж за реализирање на проектот, за жал, нема поради индолентноста и на претходната и на сегашната власт и на локалната управа во Крушево. Најдобро е да се почне со разгледување на проектот од страна на Советот и да се провери интересот на граѓаните на референдум. Доколку резултатот од референдумот е позитивен, ќе треба државата да застане зад проектот со соодветна законска регулатива, а по дефинирање на правниот статус да се распишат тендери за околу 40 проекти. Интерес за инвестиции има уште од 90-тите години од дијаспората. Се прашувам зошто и досега на сите силни делегации за инвестирање не им е понудено Крушево. Убеден сум дека во Крушево може да никне македонската клиника „Шварцвалд“ и брендот „made in Krushevo“ за производи од домашно потекло наменети главно за дијаспората.

● **Кои други проекти сте ги иницирале?**

- Долго време се обидувам да го наметнам проблемот на третманот на комуналниот отпад и изградба на енергани во Скопје, Битола, Струга и во други градови. Предложено беше тоа да го реализираат наши компании преку т.н. „Бартен-аранжмани“ со плаќање на 30 проценти и деловите би биле од домашно производство, но и тоа до денес не е реализирано. Моја идеја е и проектот за лесен бетон од РЕК „Битола“ со користење на пепелот од филтрите. Имав и проект за посебен тип на пластеници на сончева енергија во „Југомонтажа - Благој Давков“. Последна идеја е политичката штафета која би значела континуитет во државната политика.

● **Имате ли некој рецепт за долговечност којшто би сакале да го споделите со нашите читатели?**

- Нема посебен рецепт за одржување на здравјето. Можам само да кажам дека не пушам, многу ретко пијам по една чашка ракија и пиво малку почесто. Не сакам многу месо, а уживам во овошје и секојдневно јадам супа. Сепак, мене најмногу ме одржува активноста. Мислам дека таа е најважна за долг живот.

Зоран Т. Поповски

ДЕЖУРНА АПТЕКА




0-24ч
www.eurofarm.com.mk
ЕУРОФАРМ
ДЕЖУРНА АПТЕКА
(ПАЗАР ТАФТАЛИЦЕ)
тел: 02/55 14 580

КАДЕ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ?

Правилниот избор на средното образование е првиот чекор кон успешна професионална кариера и создавање личности кои се професионално реализирани и слободни...

Од моментот кога во јавните гласила ќе биде објавен конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта, за осмооделенците прашањето за запишување и избор на средно училиште ќе почне да станува сериозно. Со цел осмооделенците од општина Карпош подготвени да го дочекаат овој конкурс, во овој број на „Урбан Карпош“ ви ја презентираме понудата што се очекува да биде дадена во јавниот конкурс за упис во средните училишта.

За разлика од другите општини во Република Македонија, Скопје, како посебна единица на локална самоуправа, има најширока понуда за запишување на ученици во средното образование. Сите 27 училишта нудат планови и програми за стекнување средно образование. Зад 21 средно училиште



како основач стои Град Скопје, а за останатите шест училишта се грижи Министерството за образование и наука.

Доколку учениците се заинтересирани за гимназиско образование, својот интерес можат да го задоволат со запишување во едно од 13-те средни училишта во кои се реализираат планови и програми за гимназиско образование. Во пет средни училишта се реализира само гимназиско образование („Никола Карев“, „Орце Николов“, „Раде Јовчевски-Корчагин“, „Јосип Броз Тито“ и „Панче Арсовски“), а во осум други училишта, покрај гимназиското образование, се нудат и наставни програми и планови од стручно образование („Зеф Љуш Марку“ - здравствена струка, „Цветан Димов“ - економско-правна и трговска струка, „Кочо Рацин“ - текстилна струка, „Браќа Миладиновци“ – земјоделско-ветеринарна струка, „Марија Кири-Склодовска“- хемиско-технолошка струка, „Здравко Цветковски“ - градежна струка, „Георги Димитров“ - шумарско дрвопреработувачка струка).

Во девет училишта на Град Скопје, учениците можат да стекнат стручно образование од следниве струки: „Панче Караѓозов“ - медицинска струка, „Васил Антевски Дрен“ и „Арсени Јовков“ - економско-правна и трговска струка, „Лазар Танев“ - угостителска струка, „Михајло Пупин“ - електротехничка струка, „Боро Петрушевски“ - сообраќајна струка, „8 Септември“ - машинска струка, „Владо Тасевски“ - електромашинска и сообраќајна струка, „Димитар Влахов“ - графичка и хемиско-технолошка струка, како и лични услуги.

Образование од областа на применетата ликовна уметност се стекнува во Државното средно училиште за применета ликовна уметност „Лазар Личеноски“. Уметничко образование, насока музичка уметност и насока балетска уметност, се реализира во Државниот музичко-балетски училишен центар „Илија Николовски Луј“. Во Државното училиште за физичка култура „Методија Митевски Брицо“ се изведуваат наставни програми и планови за спортска гимназија.

Во стручното образование можат да се вклучат и ученици со посебни потреби. Во Државниот центар за образование и рехабилитација „Партенија Зографски“ можат да се запишат ученици со оштетен слух и говор, а во Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ се нуди образование во здравствената, графичката и сообраќајната струка. За учениците со попреченост во психофизичкиот развиток се нудат програми за двегодишно стручно оспособување во Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“.

Треба да се има предвид, е тоа, што во рамките на секоја струка постојат образовни профили кои практично го дефинираат потесното подрачје во кое се стекнуваат знаења, умеења и компетенции, односно се врши избор на идната професија.

Ефтим Пејовски



СПЛОТЕНИ ВО РАЗЛИЧНОСТИТЕ

По повод христијанскиот празник , Василица, наставниците од ООУ „Димо Хаџи-Димов“ - Општина Карпош, ги пречекаа своите колеги од ООУ „Луѓ Гуракуќи“ од Општина Желино, при што, заеднички го одбележаа овој традиционален верски настан. На свеченоста ѝ претходеше работна средба, на која наставниците од двете училишта поделени во три групи, ги утврдија идните цели и активности кои заеднички ќе ги спроведат во второто полугодие од учебната година. Наставниците од ООУ „Димо Хаџи-Димов“ веќе 13 години по ред ја прославуваат Василица, но овојпат својата традиција ја споделија со колегите од албанска националност. Богатата празнична трпеза беше исполнета со традиционални македонски јадења, што ги подготвија наставничките за своите колеги од Желино. Според обичајот, се делеше и лепче, а паричката за која се верува дека носи среќа и благосостојба, се падна кај наставничката по математика од ООУ „Луѓ Гуракуќи“, Невајете Садулаи.

Инаку, двете основни училишта официјално го потврдија својот партнерски однос, откако при крајот на минатата година го потпишаа Меморандумот за соработка како составен дел од проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“, кој го спроведуваат Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД), Министерството за образование и наука и Бирото за развој. Преку планираните заеднички активности во рамките на образованието, се предвидува наставниците, учениците и родителите меѓусебно да се запознаат и да научат нешто повеќе за различните култури, обичаи и традиции.

И. Ѓ.

ХУМАНОСТА НѢ ПРАВИ ПОДОБРИ

Второодделенците од ООУ „Владо Тасевски“ од Општина Карпош, минатиот месец ги посетија дечињата од Центарот за социјална работа на Град Скопје. Средбата која се одржа под мотото „Како да бидам подобар“, освен пријателски, имаше и хуманитарен карактер бидејќи малите карпошани за своите другарчиња подготвија новогодишни пакетчиња и облека која доброволно ја донираа. Во рамките на оваа дружба, децата меѓусебно ги разменија своите знаења, активно учествувајќи во креативната работилница. Низ песни и игра, новите пријателчиња споделија многу прегратки и љубов, со ветување за повторна средба.

И. Ѓ.



Брачниот пар Илиовски прослави 60 години брак



ЉУБОВТА Е ФОРМУЛАТА ЗА УСПЕХ

Најубави моменти од животот беа нашата свадба, раѓањето на децата, растењето заедно... Сега се радуваме на нашите внуци и правнуци, велат Витомир и Крстана

Брачниот пар Илиовски, веројатно, е еден од ретките што има успешна љубовна приказна. На полна трпеза, во друштво на најблиските, оваа двојка од населбата Козле го овековечи своето 60-годишно заедничко битисување. Невообичаениот за денешницава повод, го одведе и тимот на Општина Карпош во нивниот дом, каде што бевме топло пречекани, а во име на градоначалникот Стевчо Јакимовски на домаќините им врачивме пригоден подарок за 60-годишнината од брачниот живот.

Витомир, кој е од прилепското село Стровја, за својата сопатничка Крстана вели дека е една од највредните и најдобрите жени. Таа, пак, целосно посветена на сопругот, многу е задоволна од вниманието што тој ѝ го посветува. Шестмесечната разлика во возраста, односно тоа што Крстана е постарата од Витомир, не била пречка тие да се заљубат еден во друг. Свадбата на сега веќе заеднички пријател, била пресудна за почнување на нивната љубов.

- Во моето село, Долгаец, имаше свадба, па сите бевме таму, на сеир, како што се вели. Витомир дојде да се видиме и да позборуваме, но претходно и моите браќа и татко ми знаеја за тоа, па немаше потреба да се кријам од нив. Ама, тогаш се знаеше, само ќе застанеме еден до друг, а не како сега, прегрнати. И ми вели Витомир: „Утре сабајле ќе ти пратам стројник“. Јас, пак, велам: „Не се мажам. Мајка ми болна, снаа ми неарна, пегламе тутун ...“ Сепак, ноќта, ѝ кажувам јас на снаата дека утре сабајле ќе дојде стројник, ама што ако дојде, велам, пак ќе си отиде - низ смеа се потсетува баба Крстана. Таа раскажува дека фамилијата на Витомир имала „колку за леб“, а тие, пак, биле толку сиромашни што дури и лебот недостигал.

- Сабајлето, брат ми се враќа дома и снаа ми му вели: „Стројник ќе дојде по Крстана“. Тој, пак, се буни: „Каков стројник, таа има само 13 години?!“ Татко ми – и тој... Му вели на стројникот да му пренесе на зетот дека не ја бидува работата. „Еве ја“, вели, „таа меси леб, таа го пече, снаа ѝ и мајка ѝ се болни...“ Така, стројникот си отиде, јас си појдов на поле да работам – раскажува Крстана и се навраќа на повторниот обид за стројникување, кога на гости им дошла тетката на Витомир и која рекла дека само Крстана ја сакаат за снаа и ниедна друга. Тоа, вели Крстана, било пресудно, па татко ѝ се премислил

и почнал да ја наговара својата ќерка да се мажи за да не се случи некоја друга да ѝ го земе местото. Така Крстана, со 15 златника, станала невеста за Витомир.

Дедо Вито со нетрпение се надоврзува на приказната за нивната љубов.

- Кај нас во селата се слават слави, па на гости доаѓаат од соседните села. Младите во тие денови играа на средсело, одеа на корзо од еден до друг крај на селото и така се запознававме. Крстана беше многу убава, ама и јас бев личен. Во секое село имав по една девојка - низ смеа ни кажува расположениот дедо Вито.

Формулата за долг живот и среќен брак, според Крстана, е големата љубов и мирните односи помеѓу нив.

- Некогаш и сме се карале, но тоа биле мали каранци – вели таа и додава дека животот, како-така, им поминува убаво.

На прашањето кога им било најтешко, тие и двајцата едногласно велат дека тоа бил периодот кога дедо Вито морал да оди во војска.

- Кога си дојде тој, јас бев болна... Девет месеци лежев во Државна болница и децата само еднаш ги видов. Најубави момент од животот, пак, беа нашата свадба, раѓањето на децата, растењето заедно... Сега се радуваме на нашите внуци и правнуци. Едноставно, заедничкото живеење нè исполнува – вели Крстана.

Дедо Вито, пак, ја дополнува својата сопруга, потсетувајќи се на еден нему особен момент од животот.


- Убави беа тие времиња... Вработени бевме и двајцата, купивме автомобил, па прошетавме и во Бугарија и во Грција, одевме на одмор, се шетавме по селата, во тоа време ние бевме меѓу првите што имаа автомобил – со гордост раскажува тој.

Во Скопје, велат, се преселиле во 1962 година, пред земјотресот. Уште оттогаш се во Карпош и по толку време, иако дојдени од прилепскиот крај, се чуствуваат како скопјани. Се разбира, тоа што живеат во Карпош им причинува задоволство, па тие им заблагодарија и на Општина Карпош и на градоначалникот Јакимовски што на овој, за нив, особен ден, со прикладен подарок им ја честитаа годишнината од бракот.

За крај на нивната топла семејна прослава, тие си посакаа здравје и мирен живот. Токму тој мир неодминливо се забележува во нивниот пријатен дом. Рубинот и манжетните што им ги подарија внуците за да им го честитаат големиот ден, се само уште еден симбол на тоа дека љубовта, почитта и хармонијата во семејството се најголемите благодати.

Мила Глигорова





НОВО!!!
ЛАСЕРСКО ЦЕНТРИРАЊЕ НА ПРЕДЕН И ЗАДЕН ТРАП ВО 3D ТЕХНОЛОГИЈА СО НАЈСОВРЕМЕНИ АПАРАТИ НА БАЛКАНОТ
Олимпико
Автомобилски гуми за сите вкусови
ПОГРИЖЕТЕ СЕ ЗА ВАШАТА БЕЗБЕДНОСТ
Продажба на гуми за секаков вид на возила
Сертифициран Сервис Олимпико
Бул. 8-ми Септември бр. 38 (спроти Хубо маркет)
тел: +389 2 3064 689, факс: +389 2 3063 351
www.olimpiko.com.mk
MICHELIN BFGoodrich TIGAR kormoran DUNLOP Sava NEXEN TIRE

МАРТИНИ
КАФЕ БАР
www.martinicaffe.mk

ENRIKO
pizza & pasta



digit computer engineering
Тел: +389 2 3093393
www.digit.net.mk

ФУРНА
РЕСТОРАН - ПИЦЕРИЈА
ул. Митрополит Теодосиј Гологанов б.б.
тел: 02/3 080-025; 078/ 255-849

УМЕТНИЧКИ РАКОТВОРБИ
МОНО АРТ
ДЕКОРАТИВНИ УКРАСИ
ТЦ Техника Ул. Никола Русински
бр. 15 лок. 132 спроти Сити Мол
тел. 077/892-059
marketkonekt.com
jov.box@gmail.com

СЕ ЗА ВАШАТА ГРАДИНА
MTD
Тел. 02/ 3063 286 - Тафталиџе
www.feroelektro.mk
- ЕЛЕКТРИЧНИ И БЕНЗИНСКИ КОСИЛКИ
- ПРСКАЛКИ ЗА ТРЕВА
- ТРАКТОР КОСИЛКИ
- БАЗЕНИ INTEX





7
Fast Food
Карпош
30 90 030
Центар 32 11 914
Аеродром 24 47 774
Скара 7 32 24 000



Нова колекција
есен-зима 2013/2014
бул. „Партизански Одреди“ бр. 66
секција 1/локал 2 ТЦ Лептокарија (до Тутунска банка)
Тел. +389 (2) 6139-682

PHOTO VIDEO
&
LIMOUSINE SERVICE
"JASMINA"
tel.rab.02/3062-018
tel. 078\305-186
tel. 072\643-881
WWW.FOTOJASMINA.COM.MK
FOTOJASMINA@YAHOO.COM



TIVES®
italian style
T.C. Leptokarija
ul. Nikola Rusinski 3b lok 15
Tel. +389 (2) 61 31 250
www.tives.com.mk

СЕЛЕКТИРАЈТЕ И РЕЦИКЛИРАЈТЕ ЗА ПОЧИСТ КАРПОШ!

Општина Карпош секогаш ги поддржува проектите што обезбедуваат почиста околина за нејзините жители. Овојпат, општинското месечно гласило, „Урбан Карпош“ и општинските основни училишта „Војдан Чернодрински“, „Јан Амос Коменски“ и „Владо Тасевски“ ќе бидат дел од голема еко-акција за селекција на отпадот што ја спроведува компанијата „Пакомак“.

Компанијата „Пакомак“ уште од почетокот на своето постоење има цел да го минимизира негативното влијание на амбалажниот отпад врз животната средина и да промовира поодговорен однос кон амбалажниот отпад, овозможувајќи на тој начин поквалитетен живот за нас и за идните поколенија.

Токму ова беше и главната инспирација за почнувањето на новиот еко-проект на „Пакомак“ во соработка со Општина Карпош - желбата за овозможување на еден поубав и почист живот за граѓаните на оваа општина. Се разбира, за овој проект да биде успешен, потребна е активна партиципација од жителите на Карпош. Секој може да се вклучи и да го даде својот придонес во исчистувањето на општина Карпош од амбалажниот отпад.

Она што ќе треба граѓаните да го направат е доста едноставно - тие ќе треба да ги искористат „пако-кесите“ што им се дадени со месечникот „Карпош Урбан“ и во нив да го соберат сиот свој амбалажен отпад од пластика, хартија и лименки. Кесите потоа треба да ги одложат во означените контејнери за таа намена во општинските основни училишта „Војдан Чернодрински“, „Јан Амос Коменски“ и „Владо Тасевски“. Пилот-проектот најпрво ќе почне во месните заедници што гравитираат околу овие основни училишта. За целиот отпад што ќе се собере во овие контејнери, ќе се погрижи „Пакомак“ со своите соработници и тој ќе биде селектиран според типот и однесен на рециклирање.

Проектот е организиран од компанијата „Пакомак“, во соработка со Општина Карпош и со фирмите „Екопак СКС“ и „Нутривет“.

Освен овој нов екопроект, продолжува и големата еколошка акција за почиста околина, за подобрување на хигиенските услови во училиштата и едукација на учениците за придобивките од рециклирањето. Во секое основно училиште на територијата на општина Карпош, „Пакомак“ има поставено наменски контејнери и жолти канти, што учениците во одредени денови ги полнат со амбалажен отпад од пластика - само со пластични шишиња од вода, сокови, јогурт, пиво, оцет и од масло. За собраниот амбалажен отпад од пластика, „Пакомак“ возвраќа со хигиенски средства - професионални апарати и неограничени количества течен сапун - до секоја чешма во училиштата, за подигнување на хигиената на едно повисоко ниво. Трошоците за обезбедување на овие средства досега беа на товар на родителите. Покрај ова, проектот има и натпреварувачко – мотивирачки ефект, бидејќи на секои два месеци се евалуираат постигнатите резултати и се доделуваат неколку споредни награди за најдобриот ученик, најзаслужното одделение или најуспешното училиште од општината.

Во системот на „Пакомак“ членуваат повеќе од 630 клиенти, меѓу кои се вбројуваат и најголемите домашни и интернационални компании. Само 2013 година е завршена со собирање на повеќе од 9.227 тони амбалажен отпад, кој беше однесен на преработка и рециклирање!

Од сите нас зависи во каква општина ќе живееме. „Пакомак“ и Општина Карпош порачуваат да не заборавиме дека е потребна само мала промена во нашето однесување за да направиме многу за општината во која живееме и дејствуваме!



НАПРАВИ НЕШТО ЗА ПОЧИСТ КАРПОШ!

СЕЛЕКТИРАМЕ И РЕЦИКЛИРАМЕ ЗАЕДНО

ПАКОМАК ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

GREEN DOT ЕКСКЛУЗИВНА ЛИЦЕНЦА НА ПАКОМАК ЗА МАКЕДОНИЈА

Методиј Бужаровски, победник на Новогодишниот турнир во пинг-понг

МУЛТИТАЛЕНТ СО СПОРТСКО СРЦЕ

Младиот пингпонгар од Карпош, кој во себе носи страст и за музика, им се восхитува на пингпонгарите од Кина, кои ги држат водечките позиции во рамките на светскиот пинг-понг, но, сепак, негов најголем идол е Германецот Тимо Бол, кој со својот стил на игра е единствениот што може да им конкурира на Кинезите

На прв поглед, обична гаража до куќата, но сосема необично, во неа, наместо семеен автомобил, се наоѓа една драгоцена маса за пинг-понг. Драгоцена, за 12-годишниот Методиј Бужаровски, кој секојдневно поминува по неколку часови со рекетот и со топчето во оваа импровизирана спортска просторија. Осмооделенецот од ООУ „Јан Амос Коменски“ го запознавме неодамна, како победник на Новогодишниот училишен пингпонг-турнир, кој ,кон крајот на минатата година го организираше Општина Карпош. Според импресивниот стил на игра, веднаш можеше да се забележи талентот кој лежи во овој млад карпошанин. Својот интерес кон овој спорт го покажува уште на осумгодишна возраст, а една година подоцна почнува сериозно да се занимава со пинг-понгот.

- Би рекол дека љубовта кон оваа игра кај мене ја всади мојот татко, кој има искуство со овој спорт, но на рекреативно ниво. Веќе три години континуирано тренирам пинг-понг и засега сум во ППК „Рисови - Скопје“, без разлика на условите со кои се соочувам. Сепак, желбата за натпреварување и можноста да станам уште подобар пингпонгар ми даваат сила да истраам на патот до успехот – вели Методиј.

И покрај тоа што семејната гаража е единственото катче каде може да ја усовршии својата игра, младиот талент има постигнато значителни резул-





тати на полето на пинг-понгот. Како учесник на бројни државни и меѓународни турнири, досега Мето има освоено многу дипломи, еден златен медал и пехар, четири сребрени и четири бронзени медали. Засега се натпреварува во категоријата пионери, но тоа не го спречува да ги надигра своите ривали кои настапуваат во јуниорска категорија.

- Минатата недела настапив на меѓународниот пингпонг-турнир во Алексинац, Србија. Без поголеми проблеми ги совладав своите противници и се пласирав во четвртфиналето. За моја несреќа, морав да се соочам со најдобро рангираниот српски пингпонгар и апсолутен фаворит на турнирот. Поведов во првиот сет, но во голема неизвесност не успеав да ја задржам таа предност, што на крајот ме чинеше влез во полуфинале. И покрај тоа што доживеав пораз, ова за мене претставува непроценливо искуство – со жар во очите говори Методиј.

Без разлика на бројните обврски на училиште и тренинзите по пинг-понг, талентираниот карпошанин наоѓа време за уште една негова голема пасија - музиката. Имено, Мето е ученик и во Основното музичко училиште „Илија Николовски-Луј“, каде веќе шест години учи да свири на клавир, со амбиции да прерасне во врвен музички виртуоз. Покрај наставата во музичкото училиште, која ја посетува трипати во неделата, тој секојдневно во домашни услови вежба на својот клавир.

- Ја сакам музиката. На шестгодишна возраст почнав да свирам на клавир, а најмногу уживам во звуците на германскиот композитор Јохан Себастијан Бах. Во таа насока, размислувам да го продолжам своето образование во средното музичко училиште или, пак, во некоја од скопските гимназии – додава младиот Бужаровски.

Се чини дека својот раскошен талент, овој спортски ентузијаст може да го манифестира на повеќе нивоа. До неодамна, Мето тренирал карате во КК „Партизан“ каде стасал до кафениот појас. Со промена на околностите, овој карате-клуб повеќе не функционира, така што спортските амбиции ги фокусира кон пинг-понгот.

- Воопшто не ми е жал за времето кое го посветив на каратето. Напротив, мислам дека вештините што ги стекнав со овој спорт, ми користат во пинг-понгот. Сега се движам побрзо, имам подобра перцепција, концентрација, изострени рефлекси и прецизна реакција – објаснува Методиј.

Тој им се восхитува на пингпонгарите од Кина кои ги држат водечките позиции во рамките на светскиот пинг-понг, но, сепак, негов најголем идол е Германецот Тимо Бол, кој со својот стил на игра е единствениот што може да им конкурира на Кинезите.

- За да напредувам во овој спорт, пред сè, потребни ми се подобри услови за тренинг кои подразбираат работа во спортска сала и покривање на материјалните трошоци. Досега не сум добил помош од ниту една институција, освен од Општина Карпош, која ќе ми овозможи наградно патување надвор од границите на земјава, заедно со најталентираните ученици-спортисти од Карпош – возбудено констатира Мето.

Животната сторија за ова мултиталентирано момче претставува најдобар пример за тоа, како волјата може да го победи предизвикот. Понекогаш и тоа не е доволно, па затоа локалната самоуправа од Карпош ќе се потруди лесното пингпонг-топче да не се претвори во тежок Сизифов камен.

Игор Ѓуровски

Марјана Стојковска, сертифициран изработувач на кукли во народни носии

КУКЛИТЕ СЕ МОИ ДЕЦА



Со својот необичен занает, оваа карпошанка успеала да егзистира во тешките моменти од животот, но, многу поважно, во него го пронашла својот мир

Знаевте ли дека алтаните што се дел од галичката женска носија, оние што галичанките ги носеле на своите гради, го означувале бројот на нивните деца? „За секое дете – по еден алтан на градите“, ни објасни Марјана Стојковска, карпошанка со чудесна дарба да ги реплицира традиционалните македонски носии во минијатури за кукли.

Приказната за тоа како таа почнала да се занимава со овој навистина редок занает е долга и почнува уште во 90-тите години на минатиот век, кога, како што ни раскажа Марјана, нејзиниот сопруг паднал тешко болен и таа била принудена да остане дома за да го негува. „Додека можев да патувам, кон крајот на 90-тите, работев повеќе и носев пари дома. Се живееше убаво“, се потсетува Марјана. „Но, кога болеста на мојот сопруг стана неподнослива, не можев повеќе да го оставам сам и останав дома да се грижам за него. Тогаш, мојот син дојде на оваа идеја. Ми рече: „Мамо, ти си вешта со рацете, можеш да почнеш да се занимаваш со нешто креативно, еве, конкретно, да изработуваш кукли во народни носии“. Но, тогаш, ниту имав познавање за таа работа, ниту бев свесна за тоа колкав потфат и одговорност е да се изработуваат овие креации. Тоа што сум гледала на телевизија беа моите сознанија за оваа работа и толку“, ја почнува својата приказна кукларката од Карпош.

Првите информации за тоа, како треба да изгледаат носиите на куклите и како би требало да се изработат, ги добила од Музејот на Македонија. „Отидов да ја разгледам тамошната поставка зашто, како и за сè друго, кога веќе решив да се занимавам со оваа работа, сакав тоа да биде со добри резултати, креациите да не личат на карикатури, туку да бидат вистински реплики на народните носии. Кога ги видов сите тие носии што се изложени таму, кога дознав што означуваат нивните сегменти, сфатив дека ова нема да биде ни малку едноставна работа или обично хоби“, се потсетува Марјана. Тогаш, вели, почувствувала потреба и од дополнителна литература за да може да го разбере сето богатство што се отворило пред неа, а кое таа сакала да го прикаже преку своите кукли... Е, ама литературата тогаш чинела многу... „Се сеќавам дека само една книга што можев да ја набавам чинеше педесетина евра. За мене, за моето семејство, во тие услови и во тој момент од животот тоа беше поим, тоа беа многу пари. За среќа, се најде еден пријател што ми ја позајми книгата да ја фотокопирам и така почнав. И денденес ја чувам таа книга во која рачно ги имам означено боите зашто фотокопијата беше црно-бела“, раскажува Марјана.

Во 2000 година, вели, ги направила првите петнаесетина кукли и ги однела во Музејот на Македонија за да ги видат, на некој начин да ги оценат. „Беа воодушевени од изработката и од тоа како изгледаат куклите. Ме прашуваа дали првпат ова го работам и не можеа да се изначудат како сум можела толку прецизно и убаво да ги изработам. Врз основа на тие први кукли, Музејот ме сертифицира како изработувач на кукли во традиционални носии од разни краеви на Македонија со автентични и прецизни везови. Се разбира, ми укажаа и каде треба да направам корекции, но јас сите сугестии ги прифатив како можност да ја подобрам својата работа“, се сеќава Марјана.

За љубовта со која ги изработува своите кукли, таа вели дека се должи на потребата да се даде некому нешто особено, значајно, вредно, да се овозможи некому уживање. Затоа, вели Марјана, се изработени со таква прецизност, зашто треба да се верни на оригиналот, да не бидат одраз на нешто

направено набрзина, да не личат на неколку парчиња ткаенина подзакрпени овде-онде.

„Досега имам изработено околу 2.000 кукли. Навистина се задлабочив во ова, набавував оригинални материјали за да се достигне вистинскиот изглед на носиите, вклучувајќи ги бројот на парчиња во носијата, нивните автентични бои, украси и шари“, ни кажува Марјана. Таа се сеќава дека на почетокот нејзиното хоби ѝ обезбедувало и релативно добар приход. „Интересот и овде и во странство беше навистина голем и денес можам да кажам дека можеби не во сите земји од светот, ама дефинитивно на сите континенти има барем по некоја моја кукла. Најнапред, купувач беше Министерството за надворешни работи, а подоцна остварив соработка и со дипломатските претставништва. Се сеќавам дека на првиот базар во Амбасадата на САД за претставување на македонската култура бевме поканети пет-шест изложувачи. Јас отидов со 40 кукли, а дома вратив само две. Толку голем интерес предизвикаа моите креации“, со гордост ни кажува Марјана.

Нејзината приказна продолжува со формирањето на Здружението на уметнички ракотворци, на кое била претседател и во кое, како што вели таа, „во најдобрите времиња, до 2007-08 година“, членувале околу 50 граѓани. „Имавме и сопствен изложбен салон, но во 2009 година го затворивме зашто повеќе не можевме да егзистираме. Повторно останав дома, но не мирував“, ни раскажува Марјана. Меѓу другите нејзини соработки, го споменува и Новогодишниот саем во Белгија во 2008 година, каде што била на покана на нашиот тамошен почесен конзул, но, вели, тогаш продажбата веќе била во сенката на европската финансиска криза. Три години подоцна, пак, своите кукли ги однела и во Оман, во Африка, каде на иницијатива на оманскиот султан се одржува едномесечен базар на креативни творби и артефакти. Од 14 претставници од Македонија, единствено таа ги претставувала традиционалните македонски носии.

„Една недела откако се вратив оттаму, ми се јавија од Општина Карпош и ми предложија да бидам дел од претставувачкиот штанд на Општината на Саемот на локални самоуправи на Југоисточна Европа, кој тогаш се одржуваше во Сараево. Имав многу малку време да се подготвам, ама успеав да изработам неколку кукли. Сепак, интересот ги надмина моите очекувања, особено зашто штандот на Карпош беше еден од највпечатливите, најбогат, побудуваше најмногу интерес, па моите кукли бргу се распродадоа. Потоа, изработив уште 50 кукли кои ги испратив во циришкиот Светски музеј на кукли во народни носии на нивно барање. Моите кукли се единствени од Балканот што се изложени во тој музеј. Деновиве, ме побараа да изработам уште четириесетина кукли за збирката за Македонија, вклучително со пиринскиот и егејскиот дел, со влашка, турска, албанска носија. Всушност, од 69 регистрирани носии во овој регион, од кои 63 се сочувани во нашиот музеј, јас имам изработено 50“, вели Марјана.

Таа изработила и 20 експонати за Министерството за одбрана, што ги нарекува „колекција гардисти“, а дело на нејзините вешти раце се и шестте кукли во етно-катчето на ОУ „Ѓорче Петров“, кои ја претставуваат мултиетничноста на Македонија.

„За оваа работа потребно е многу време, но тоа зависи и од рутината зашто јас сè шијам на рака. Трпение, од друга страна, не треба. Не за мене. Мене оваа работа ме смирува. Најтешките моменти од животот ги поминав без ниту едно апче за смирување, благодарение на оваа работа. Мојот сопруг умираше, а јас седев покрај него и боцкав со иглата. Дури се случуваше свекрва ми да ми пререче: „Остави го тоа, гледај го човеков“, ама тој, пак, ќе ѝ речеше: „Нека ја, нека си работи, тоа ја прави смирена“. И навистина така беше. Најгорчливите моменти од животот ги поминав со моите кукли, кои ми дадоа сила да ги пребродам сите премрежија што ми ги донесе животот“, со солзи во очите се потсетува Марјана.

Дека ова семејство им е посветено на необичните занаети, раскажува и една огромна макета на брод изработена од дрво. „Таа е дело на мојот сопруг. За мене, во резба, тој има изработено и едно долапче со огледало и со фиоки“, ни се пофали со резбарскиот талент на сопругот нашата домаќинка. Отсекогаш, вели таа, им биле интересни такви уникатни изработки. „На времињата, немаше од каде да се купи подарок, а да биде уникатен, па кога син ми требаше да оди некаде на роденден, секогаш наоѓав време да изработам нешто што ќе биде посебно. Тоа, животот нè терал да штедиме, ама и поубаво ми било некому за подарок да му однесам нешто што никаде не може да се купи. Така, изработував црвчиња од стари фустани, со жица за да се извиткуваат, па правев мачиња со пинг-понг топчиња... сè за подароците да бидат единствени, неповторливи“, низ смеа раскажува Марјана. По вокација економист, додава, не може да се изначуди на самата себеси како можела толку долго да седи опкружена со купови хартија, нурната во бројки, кога тоа е толку штуро и се сведува на пишување и на бришење.

„Куклите, наспроти таа работа, овозможуваат толку креативност, толку уживање, што кога ќе направам една кукла, се чувствувам како да сум создала едно дете. Моите кукли се мои деца“, ја завршува својата приказна Марјана, кукларката од Карпош.

Лилјана Петрушевска-Кочовска

Карпош Комуницира

ИНТЕРНЕТ

Општина Карпош shared a link.
11 hours ago



Жителите на Карпош и градоначалникот Јакимовски се спротивставија на идејата за зонско паркирање
faktor.mk

Djoko Debarliev Denes mi e ubav denot,slušnav I edna ubava vest.paaa,ne za dzabe se veli:"od kaj da si,vo KARPOŠ da si.A M A,STEVČO da e na čelo na opštinata.narodski čovek.

Tra Traman PArking mesta ima za site . Treba samo da se kaznuvaat onie nesovesni gragani sto nepropisno parkiraat na parking mesto i zafakaat dve pa i tri mesta . Zasto da se pravi zonsko koga vo site novi zgradi, a i vo starite, garazite zjaat prazni

Zaov Nikola Taka treba opstina Karpos, ako mislat deka so prosiruvanje na zonskoto parkiranje ke vrabotat uste nekoj i ke go resat problemot so nevrabotenosta se lazat a najgolema glupost so zonskoto pariranje e voveduvanjeto vo pomalite gradovi. Sekade vo svetot postojat slobodni parking mesta samo kaj nas e se so plakanje...

Danica Angelovska Blaze si im na Karposani so vakov gradonacalnik!

Достигнавме бројка од 8.000 обожаватели на нашиот facebook профил

8.000 - ви благодариме на поддршката!
И понатаму бидете информирани со нас ....Ве сака ОПШТИНА КАРПОШ

Општина Карпош shared a link via I ♥ MACEDONIA.
6 January



ФОТО: Дали е ова најголемиот Бадников оган во Скопје?
www.kurir.mk

Dino Najdoski Bolje ognomet ne sum videl do sea!:-))

Vale Kantardzieva Za mnogu godini neka ni se praznicite.Cestitki do novata kuma, g-ga Cvetanka i pofalbi za organizacijata.Prekrasno bese

Angelika Nedevska Cestitki za gradonaclnikot i spektakularniot ognomet podobar i od novogodisniot na polstad

Dalida Mladenovska bravo za organizacijata bese top

НОВИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПОМОШ КАЈ НОВОРОДЕНЧИЊА

16 January 2014 at 22:25

Од 1 јануари 2014 година, Општина Карпош воведе нови критериуми за доделување на еднократна парична помош за новороденчиња, поточно од оваа година корисници на ваков надомест ќе бидат семејствата кои се нашле во социјален ризик, односно семејствата кои што се корисници на социјална парична помош како и семејствата во кои еден од родителите на новороденчето е невработен.

Нов момент е тоа што родителите на овие новороденчиња барањето за еднократна парична помош треба да го поднесат до општина Карпош во рок од 30 дена по раѓањето или посвојувањето на детето.

Исто така нов момент е и зголемувањето на сумата која ќе се доделува за новороденче од овие семејства и која сега ќе изнесува 4000,00 денари.

www.karpos.gov.mk

Мада Фака @h3xman Jan 22
Нели во @OpstinaKarpos никогаш немаше да се наплаќа зонско @JStevco ?

Maestro @DiSkopje Jan 22
@JStevco пред избори викаше дека никогаѓ жителите на Карпош нема да плаќаат за паркинг? @IsNog00d

Stevco Jakimovski @JStevco
Жителите на Карпош и градоначалникот Јакимовски се спротивставија на идејата за зонско паркирање faktor.mk/archives/93489 via @FaktorMk

Изработила: Ива Манова

ДЕТОКСИКАЦИЈА ОД ЗИМАТА И ОД ПРАЗНИЧНИ ПРЕЈАДУВАЊА

Празничните прослави секогаш се проследени со зголемено, речиси неразумно внесување храна во организмот, но и со консумација на поголеми количества алкохол.

Од друга страна, пак, зимата, до овој период од нејзиното времетраење, значително го има исцрпено нашиот организам, па веројатно е најдобро да преземеме некакви мерки за да се заштитиме себеси од можноста од опаѓање на имунитетот. Стручњаците, во двата случаи, препорачуваат да се подложиме на детоксикација, што, поедноставно, значи да се исчисти организмот од зголеменото количество „отрови“ што сме ги внеле во телото преку исхраната и со промената на стилот на живеење.

Постојат повеќе начини да му се помогне на телото да ги отстрани и да ги исфрли токсичните материи од себе, но неколку продукти што речиси секојдневно ги применуваме, се наједноставниот и најприфатливиот метод за детоксикација.

Целосно корисен лимон

Лимонот е еден од оние продукти што се споменува во описот на секој детоксикациски метод. Сокот од лимон е природен диуретик и со тоа овозможува лесно отстранување на наталожените токсини во организмот преку урината. Кората од лимонот, пак, му дава особен вкус на чајот, па од овој продукт користите сè. Според препораките на стручњаците, еден лимон е сосема доволен за дневните потреби на организмот.



Богата зеленчукова супа

Во повеќето видови детоксикациски диети се препорачува првите два дена да се јаде само супа од зеленчук по сопствен избор. Се разбира, во ваквите супи, дозволено е да вклучите и интегрална тестенина, а за оброкот да биде целосен, можете да изедете и едно парче интегрален или ’ржан леб. Зеленчуковата супа, препорачливо е да биде подготвена од свежи продукти.



Чај - наутро, напладне и навечер

Детоксикацијата е процес кој неминовно подразбира внесување големи количества течности во организмот. Значи, за методот што сте го одбрале да има ефект, нужно е во организмот да внесете барем еден-два литри течност во текот на денот. Сепак, корисните состојки што ги содржат чаевите, а пред сè антиоксидансите, ги стават на врвот на листата продукти што се употребуваат за чистење на телото од отрови. Наутро, чајот ќе ве освежи и ќе ве разбуди, шолја топол чај попладне го олеснува варењето, а билните чаеви, како нането, камилицата и брусницата, навечер опуштаат и создаваат чувство на задоволство по напорниот ден.

Раздвижете се

Зиме, ретко кој би одбрал да трча или да вежба на отворено, па вежбите дома или во сала се извонреден начин да ја одржите кондицијата и да предизвикате поинтензивна циркулација на крвта, што е клучно за процесот на детоксикација. Одберете вежби што ќе ви бидат интересни за да бидете мотивирани. Внимавајте, меѓутоа, да не претерате со вежбање од самиот почеток, зашто со преголемиот напор, ризикувате да предизвикате воспаление на мускулното ткиво. Околу десет минути секој ден, се сосема доволни.



ПЕХАР ЗА ОДБОЈКАРКИТЕ ОД ООУ „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“

Во финалниот меч од Женскиот одбојкарски куп на Карпош, кој се одигра во СЦ „Форца“, ученичките од ООУ „Владо Тасевски“ се покажаа како подобар противник од своите соперници од ООУ „Јан Амос Коменски“, убедливо совладувајќи ги со резултат 3:0 во сетови. Девојките од Козле го освојија Купот, наметнувајќи силно темпо на игра и преку координирани акции не им оставија простор за игра на своите спортски ривалки. Одделението за спорт при Општина Карпош, првпат ја организира оваа спортска манифестација, во чии рамки учествуваа младите одбојкарки од седум основни училишта, од територијата на локалната самоуправа. Во оваа пригода, градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, го додели победничкиот пехар и дипломите на најдобрата екипа, а претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаревски, ги врачи дипломите на екипата од „Јан Амос Коменски“.

И.Ѓ.



АФИРМАЦИЈА НА ПИНГ-ПОНГОТ

Осмооделенецот Методиј Бужаровски од ООУ „Јан Амос-Коменски“ и стипендистката на Општина Карпош, Ивана Манова од ООУ „Војдан Черноодрински“, се двајцата победници на Новогодишниот турнир во пинг-понг, кој се одржа во спортската сала на ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“. Второто место им припадна на Лука Костов и на Ана Тодорова од ООУ „Владо Тасевски“, додека третата позиција ја обезбедија Никола Алексоски од ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“ и Борјана Јорданова од ООУ „Јан Амос-Коменски“. Советникот од Општина Карпош, Давор Грче, на основците што го освоија првото место им додели пехари и дипломи, а локалната самоуправа за нив ќе обезбеди наградно патување во рамките на спортската екскурзија, која секоја година ја организира Општина Карпош за најуспешните ученици-спортисти. Младите пингпонгари кои се најдоа на втората и на третата позиција, исто така, добија дипломи за својот пласман.

Одделението за спорт при Општина Карпош, првпат ја организираше оваа спортска манифестација, во која учествуваа по еден претставник во категорија на момчиња и на девојчиња од сите 10 основни училишта што се наоѓаат на територија на локалната самоуправа. Овој турнир има амбиции да прерасне во традиција, а основна цел е да се афирмира пинг-понгот, од причина што овој спорт станува особено популарен кај младите карпошани. Имено, во рамките на ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“ веќе еден месец функционира училишна секција за пинг-понг, во која членуваат 25 ученици, од кои 10 се на возраст од прво до четврто одделение.





И.Ѓ.

КАРПОШ – ДОМАЌИН НА ШЕСТОТО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО КЕНДО

Во спортската сала на ООУ „Јан Амос-Коменски“, Кендо-иаидо федерацијата на Македонија, во соработка со Општина Карпош, го организираше шестото Државно првенство во кендо. Спортистите се натпреваруваа во четири категории, а љубителите на оваа јапонска вештина беа сведоци на кендо-концептот, преку кој можеше да се забележи дисциплинираниот човечки карактер и префинетиот стил на употреба на катаната. Во категоријата пионери, првото место го освои Олег Бичковски од Кендо-клубот „Јошин“ – Скопје, додека второто место го освои неговиот клупски колега Никола Ташков. Кај јуниорите, како најдобар се истакна Матеј Ивановски („Јошин“ – Скопје), втората позиција ја обезбеди Кирил Наумовски („Теншин“ – Охрид), а третото место го поделија Марио Поркич и Гораст Стојков („Јошин“ – Скопје). Првото и второто место во категоријата сениорки им припаднаа на Марија Манасиевска („Јошин“ – Скопје) и на нејзината клупска пријателка Катерина Мисиркова. Во жестока конкуренција кај сениорите, на врвот се најде Менсур Бојда („Јошин“ – Скопје), второто место му припадна на Владимир Кесковски од истиот клуб, а третата позиција ја поделија Андреј Атанасовски („Вардар“ – Скопје) и Игор Никовски („Тенгу“ – Скопје). Во рамките на оваа спортска манифестација беше доделена посебна награда за борбен дух, која ја освои Димче Ингилизов од клубот „Бушидо“ – Велес. Воедно, победниците на ова Државно првенство се најдоа на списокот на репрезентативци кои ќе учествуваат на 26. Европското првенство во кендо, кое ќе се одржи во Клермонд-Феранд (Франција) од 10 до 15 април 2014 година.

И.Ѓ.





ФИЛИП ПАНЧЕВСКИ - ПОБЕДНИК НА БОЖИЌНИОТ ШАХОВСКИ ТУРНИР

Прецизноста и талентот на македонскиот велемајстор Филип Панчевски си го направи своето. Тој ја докажа својата љубов кон шахот и бескрајното внимание што го посветува на овој спорт. Филип е победник на Божиќниот шаховски турнир - Карпош 2014, што се одржа третпат во просториите на шаховскиот клуб „Гамбит Асеко“, годинава се одржа третпат. Во спортска атмосфера, второто место го зазеде шахистот Петар Арнаудов од Бугарија, а Мирослав Миљковиќ од Србија го освои третото место.

Во деветте одиграни кола, 44 професионални шахисти презентираа одлична мисловна игра во која им се придружија и десетте најдобри аматери од претходниот шаховски ден. Во организација на Општина Карпош и Шаховскиот клуб „Гамбит Асеко“, традиционалниот божиќен шаховски викенд помина во одличен ред и голема посетеност и заинтересираност. Според правилата на ФИДЕ за забрзан шах, секој од играчите имаше 15 минути со пет секунди додавање за секој одигран потег, почнувајќи од првиот, а турнирот се рејтингуваше според швајцарски систем на натпреварување. Спортската манифестација ја надгледуваше главниот интернационален судија Иван Кочовски и неговиот помошник судија, Сашко Лакински.

Во рамките на оваа спортска манифестација, Општина Карпош издвои награден фонд од 100.000 денари. Претставниците од ШК „Гамбит Асеко“ им се заблагодарија на присуството на сите натпреварувачи, а за најдобрите осум доделија парични награди. Победничкиот пехар за првопласираниот го додели Патрик Поповски, раководител од Одделението за спорт при Општина Карпош.

М.Г.



@the_schumann
Учи, учи ... не се догледува серијава.

@mojokilington
Поздрави ја баба ти. - Не можам на поубо место е... - Сочувство! - Шо сочувство... На скијање оjде.

@Ljube_A
Порано без опцијата seen барем надеж имаше

@lina_simon
Една жена се искачи на Еверест и доби шипак, друга уште се пентари
по нежните ридови на власта и освои бел џип. Секој со своите височини.

@IvoCmon
На забар: Треба да ти правиме мост ќе кошта 800 евра. -А колку скулптури ќе има на мостот?

@narandzestiot
Девојче, кое годиште си? -96-то! -Леле генерација со Југото си ми.

@Goran_Man
Дали овците бројат Македонци пред спиење!?

@The__Zorro
Статус на пензионер: "Скијаме со баграта - feeling подмладено"

@ArslaJeMeniBog
Вистински патриот не може да прави rename на фајлот, пошто ИМЕТО НЕ ГО ДАВАМЕ!!

@i999y
Еееееj Македонијоооо, ти си Брисел балкански

@seriskiubiec
Ало Баба Рада, сакам да пеам како Есма. -ЧАЈ ШУКАРИЕ!

@irenaxxxx
Не сум љубоморна, АМА ПОД ХИТНО ДА ПОЧНЕШ ДА КОРИСТИШ ФОРСКВЕР,
јас пари за приватен детектив немам

@DavidDorian_12
Гледам низ градов све повеќе жени со ролки. Веројатно веруваат дека и они ќе земат некое милионче.

@Pavlovikj
Ако си кум на Бадниковиот оган, дали тоа значи дека бадниковиот оган ти е кумашин?

“@ViktoryNik
1000 причини за чај“ - Баба Рада ft. Нокаут

@filmofilkata
ej мамо стигнав се отпакувам M: typing... -добро поминав по пат
M: typing... -ти како си? M:typing... -добра? M: sine stigna?

Изработила: Ива Манова



Јоана Станиќ

ХОРОСКОП

Февруари '14

Овен: Февруари ќе биде вистински предизвик за родените во овој знак. Волшебен збор овој месец е „дипломатија“ и ќе мора постојано да се воздржувате. Треба да научат дека љубовта не е само розова.
Бик: Многу тајни обожаватели ќе се појават на денот на заљубените. Меркур почнува да ги мотивира и да ги зајакнува нивните одлични чувства за финансии и безбедно инвестирање. Сè што ќе инвестираат биковите овој месец ќе биде инвестиција за иднината. Чувајте се од настинки и ангини.
Близнаци: Венера е ваш сојузник во февруари. Ќе ви даде можност за средба со некоја стара љубов. Искористете го периодот за докажување во работата и покажете му на шефот дека поседувате многу квалитети, но направете го тоа внимателно. Изострете ги сетилата.
Рак: Големата потреба за љубов и стабилен емотивен живот ќе ве прави премногу попустливи, но треба да внимавате да не го подарувате вашето срце секому. Периодот е поповолен за средување стари сметки и на работен план.
Лав: Немојте непотребно да се оптоварувате со љубомора. Вашиот партнер во периодот можеби ќе има премногу ангажмани, но тоа не значи дека не ве сака. На работен план ќе ги имате сите адути во свои раце и сите случувања ќе ви бидат под контрола.
Девица: На денот на заљубените може да бидете погодени од Купидонова стрела. На работен план новите лични контакти ќе ви овозможат само напредок. Патувајте на планина.
Вага: Ќе ги криете емоциите, но нема да можете да се сокриете од себеси. Меркур ви дава помош, но целиот товар на работен план ќе мора да го износите сами. Препорачливи се долги прошетки.
Скорпија: Ќе бидете многу упорни, но на крај ќе ви се исплати. Голем дел ќе се решат за брак. Внимавајте на работен план да не изгубите некои документи кои ќе бидат од особено значење за вас. Внимателно остварувајте нови контакти. Повеќе самоконтрола.
Стрелец: Бурен февруари. Многу покани, журки, дружења, но внимавајте сето тоа да не влијае на вашиот емотивен живот: нема да имате многу разбирање од партнерот. На работен план подгответе се темелно бидејќи конкуренцијата нема да биде многу мека со вас.
Јарец: Магнетно привлечни ќе бидете за спротивниот пол, но периодот не носи стабилност на емотивен план. Подгответе се добро за предизвиците кои ќе следат и внимавајте на однесувањето зашто февруари е тест период за вашите способности.
Водолија: Нов љубовен почеток од средина на февруари. На крајот на месецот можни се стресни моменти на работа, но и признанија за вложениот труд. Покажете го својот максимум кој нема да остане незабележен и ненаграден.
Риби: Ќе сакате да останете дома и ќе чувствувате дека ви е потребно време за вашето тело и душа. Склони ќе бидете кон безначајни флертови, а на работен план ќе гледате повеќе да одморате отколку да работите.

Lukanoski

Стоматолошка ординација
д-р. Ивица Луканоски

Креатори на Вашата насмевка



СОВРЕМЕНА СТОМАТОЛОГИЈА БЛИСКУ ДО ВАС
Семејна стоматологија

Рентген кабинет
-снимка на еден заб
-снимање на половина страна
-снимање на цела вилица panoramix
-снимки за синуси
-снимање на вилични зглобови
Стоматолошка протетика
-коронки и мостови
-сите видови на протези
Дигитален панорамикс
Имплантологија
Орална хирургија
-најсовремени импланти
по најпристапни цени

Ординацијата има склучено договор со Фондот за здравство на Република Македонија

Новогодишен попуст 10% на протетика

ул. Никола Русински ЗБ 1000 Скопје;
тел: 02/ 3 079-958; 070/ 542-295;
e-mail: ordlukanoski@gmail.com;
www. lukanoski.mk

ЛЕКУВАЊЕ НА ЧОВЕКОТ, А НЕ НА БОЛЕСТА

Хомеопатијата е систем на лекување со кој ги поттикнуваме сопствените сили на организмот т.е. виталната сила, која на најприроден начин ќе се избори со болеста. Таа поаѓа од тоа дека болниот човек е тој што треба да биде лекуван, а не неговата болест. Класичната хомеопатија е целосно природен и безбеден начин на лекување и е комплементарна гранка на медицината. За разлика од медицината, која ја третира последицата, хомеопатијата ја бара причината за настанување на болеста. Принципот на лекување во хомеопатијата е индивидуален, а секој пациент го добива својот препарат врз основа на хомеопатското интервју. кое може да трае од еден и пол до два часа. Препаратот го дава хомеопатот по земање на исцрпната хомеопатска анамнеза. Хомеопатското интервју опфаќа разговор со пациентот за да се утврди на кој хомеопатски лек му припаѓа сликата на актуелната состојба на пациентот.

Недоволно информираните пациенти често се распрашуваат каде можат да купат хомеопатски лек „според својата дијагноза“. Кај полесните случаи, тоа би можело и така да се направи доколку фармацевтот има основно познавање од хомеопатските лекови или доколку се купат комплексни готови лекови кај одредени акутни состојби. Најправилен начин е одење кај класичен хомеопат, кој индивидуално го утврдува лекот и го препишува. Бидејќи хомеопатските лекови се енергетски лекови и сите се од природно потекло, најчесто од билно, животинско и минерално, немаат никакви штетни ефекти, како што може да биде случај со класичните лекови. Тие во себе носат енергија, а не материја и дејствуваат врз принцип на спојување на енергии, а не врз принцип на биохемиски реакции како што е кај класичните лекови. Хомеопатското лекување покажува одлични резултати кај лекувањето на кожните болести, алергиите, главоболките и вртоглавиците, болестите на системот за дишење, болестите на системот за варење, гинеколошките проблеми, ендокрините проблеми, несоницата, нарушување на растот, развојот и однесувањето кај децата. Во оваа категорија спаѓаат и ментално-емотивните проблеми настанати како резултат на стресниот начин на живот, како последица на сите видови на стрес, сите болести кои во класичната медицина се класифицирани како психосоматски заболувања, нејасни состојби кои не можат да се стават под ниедна дијагноза и со самото тоа не можат да се лечат со класичната медицина. Хомеопатските лекови можат да се користат со сите конвенционални терапии т.е. лекови. Главно нема колизии со медицинските терапии и во одделни состојби можат да бидат и поддршка кај конвенционалниот начин на лекување.

Еден дел хомеопатски лекови можат да се најдат во продажба и во нашата земја.

J.C.

Misaki



Jewels
ул. Максим Горки бр 21 и
Ramstore Mall
тел: 3246 - 698

Егзотични јапонски бисери дизајнирани во елегантни парчиња накит од дизајнерите во МОНАКО и Монте Карло
Одличен избор со празнично намалени цени.
Накитот од Misaki нека биде круна за Ваш совршен изглед.

ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"ЕЛИСАВЕТА"

Дом за стари лица "Елисавета"

02/30-62-021
02/61-46-880
078/43-41-49



Првомајска бр. 4 тел. 02 2774 144
Момин Поток бб тел. 02 3095 777
Населба Нерези тел. 02 3080 009
Битола тел. 047 203 974

www.MOTOCENTAR.com.mk

БАДНИК 2014

